**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17-09.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4471 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

Член 75 став 1 од Изборниот законик

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во првиот десетдневен период од мониторингот на изборното медиумско претставување, на програмскиот сервис на трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија, кое би било предмет на мониторинг согласно

Методологијата. Радиото емитува вести со времетраење од 1 до 2 минути, на секој половина час, поврзани со најактуелните теми и случувања од земјата и светот.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Други информативни програми</u>*

Во анализираниот период емитувани се по две изданија на емисиите „Стадион" и „Ноќен експрес" и неколку изданија на емисијата „Моја општина".

Контактно-информативната емисија „Стадион" со водителката Весна Коловска во која се вклучуваат и граѓани (телефон, Фејсбук, Твитер, смс пораки) е инспирирана од општествено-политичките случувања.

Првото издание се емитуваше на 3 септември 2016 година, со почеток во 10 часот. Гостин беше, Герман Филков, поранешен новинар, сега дел од невладината организација „Центар за граѓански комуникации". Тема на емисијата беше слободниот пристап до податоци од јавен карактер. Се разговараше за тоа дали јавните институции се транспарентни, отчетни и во законскиот рок одговараат на барањата за пристап до информации. Во емисијата имаше неколку телефонски вклучувања на граѓани, кои му поставуваа прашања на гостинот и споделуваа свои искуства за темата. Најголемиот дел од нив, беа критички настроени кон гостинот и работата на сите невладини организации, а најчестите прашања беа за финансирањето на неговата организација и за поврзаноста со странски донатори.

Второто издание на емисијата беше на 10 септември 2016 година, со почеток во 10 часот. Генерална тема беше прашањето - Каде заминаа чесните политичари? Дополнително се разговараше за пратениците од првиот состав на Собранието на Република Македонија, за тоа кој ќе се најде на пратеничките листи за предвремените парламентарни избори и дали Македонија ќе добие претставници во власта од граѓаните. На поставената тема беше направен разговор со политикологот Жидас Даскаловски, а потоа беа пренесени и ставови на: поранешниот член на СДСМ Горги Спасов во врска со изборите и коалицирањето на СДСМ со албанскиот политички фактор и за тоа кој треба да се најде на листите; и на новинарот Сашо Ордановски за „Груевски и фамилијата", изнесени во колумни. За шпекулациите за составот на изборните листи на СДСМ се разговараше со Замир Мехмети, потенцијален кандидат како претставник од „Шарената револуција", а на оваа тема беа емитувани изјави и на Радмила Шекеринска од СДСМ, како и на Владимир Милчин, поранешниот директор на фондацијата Сорос (извадок од емисијата „Ноќен експрес" емитувана на 7 септември 2016). На крајот од емисијата беа вклучени и неколку слушатели кои изразија позитивни и негативни мислења за тоа дали има чесни политичари. Во емисијата, од страна на водителката беше пренесена неофицијална информација за наводно шетање на луѓе во црни кошули кај Танушевци, Кодра Фура, што се поврзувало со шпекулациите дека во пресрет на изборите, владеачката коалиција сакала да предизвика нов инцидент.

Емисијата „Ноќен експрес" ги третира темите на порелаксиран начин, обидувајќи се да направи рамнотежа и да вклучи спротивставени мислења во дебатите. Освен редовниот водител Столе Наумов, во емисиите како ко-водители учествуваат и Зоран Маџовски, задолжен за социјалните медиуми и Петрит Сарачини, новинар и граѓански активист.

Во репризното издание од 3 септември 2016, со почеток во 12 часот и 17 минути, посветено на Привремената комисија за следење на медиумското претставување и изборот на нејзиниот петти член, гости беа Цветин Чилиманов – член на Привремената комисија, Сефер Тахири – долгогодишен новинар, професор и кандидат за член на Комисијата и Насер Селмани - претседател на ЗНМ. Во дебатата имаше и телефонски вклучувања на истакнати професори и новинари кои ги искажаа своите различни ставови на темата.

Во премиерното издание на „Ноќен експрес" емитувано на 7 септември, со почеток во 21 часот, на темата „Патриоти и предавници", гостин во студиото беше Владимир Милчин - поранешниот директор на

фондацијата Сорос за кого Комисијата за верификација на фактите констатираше дека е соработник на тајните служби. Свое мислење за темата, за која е лично засегнат, дава и водителот Петрит Сарачини, за кого имало клеветења дека е предавник. Водителот Столе Наумов забележува дека биле поканети и други гости во емисијата, но не ја прифатиле поканата, освен аналитичарот Александар Пандов кој поради неможност да стигне во студиото, се вклучува телефонски во дебатата. Во емисијата со изјави учествуваат и Стојан Андов и Ким Мехмети. Емитувана е и анкета со граѓани кои одговараат на прашањето: „Кој е најголем предавник, а кој најголем патриот во Македонија?"

Емисијата „Моја општина" содржи краток информативен блок со времетраење до 2 минути во кој се претставуваат настани и редовни активности на општините. Во овој десетдневен извештај регистрирани се неколку изданија на емисијата, на 3 септември со информации за општините Карпош, Струмица и Тетово, а на 10 септември за општините Куманово и Струмица.

***Сектор за програмски работи***